# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

02 април 2015 | Излегува по потреба | Година X | број 5



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1426/1**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

Се поништува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, бр.07-356/5 од 10.02.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/15), донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 10.02.2015 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до секторот за финансиски прашања.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/3**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/2**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-894/5 од 17.02.2015 година ("Службен весник на РМ" бр.28/15), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење движни ствари без надомест, за потребите на ООУ "Дане Крапчев", согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-894/5 од 17.02.2015 година ("Службен весник на РМ" бр.28/15).

**Член 2**

Пренесеното право на користење на движните ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-894/5 од 17.02.2015 година ("Службен весник на РМ" бр.28/15), за потребите на ООУ "Дане Крапчев", се однесува на следните движни ствари- компјутерска опрема:

| ТИП НА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реден број | Назив и опис: | Количина: | Единечна вредност (денари) | Вкупна вредност (денари) |
| 1 | Монитор Dell S2240T | 1 | 29.573,25 | 29.573,25 |
| 2 | Тастатура Esperanza EK121 kids educational | 3 | 791,7 | 2.375,10 |

**Член 3**

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 на оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ООУ "Дане Крапчев", каде се наменети.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за информатичко општество и администрација, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 на оваа одлука.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со директорот на ООУ "Дане Крапчев", со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 на оваа одлука.

**Член 6**

Се задолжува ООУ "Дане Крапчев", по склучување на договорот од член 5 на оваа одлука и уреден прием на движните ствари, истите да ги запише во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/4**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 05.02.2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за проценка на штети на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 05.02.2015 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/3**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 143 став (4) од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), точка 13 од Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди ("Службен весник на РМ" бр.75/01), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и другу несреќи ("Службен весник на РМ" бр.98/05 и 152/10) а во врска со член 3 став (1) точка 3 од Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/13 и 9/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по збирниот извештај на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.08-1290/1 од 23.03.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 05.02.2015 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за проценка на штети на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 05.02.2015 година, изготвен од Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.08-1290/1 од 23.03.2015 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, примерок од овој заклучок и извештајот бр.08-1290/1 од 23.03.2015 година, да ги достави до Владата на Република Македонија - Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на понатамошно постапување и одлучување.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/5**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ - ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2014 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на секторот за инспекциски работи - инспекторат за 2014 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/4**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Годишниот извештај за работата на секторот за инспекциски работи - инспекторат за 2014 година, бр.08-1109/1 од 16.03.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ - ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2014 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува Годишниот извештај за работата на секторот за инспекциски работи - инспекторат за 2014 година, бр.08-1109/1 од 16.03.2015 година.

2. Заклучокот да се достави до секторот за инспекциски работи - инспекторат.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/6**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КООРДИНАТОРОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2014 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/5**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 став (7) од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на РМ" бр.6/12 и 166/14), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2014 година, бр.08-1107/1 од 16.03.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КООРДИНАТОРОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2014 година, бр.08-1107/1 од 16.03.2015 година.

2. Се задолжува координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба, овој заклучок и извештајот да ги достави до Министерството за труд и социјална политика во законскиот рок.

3. Се задолжува координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба, извештајот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2014 година, бр.08-1107/1 од 16.03.2015 година, да го објави на веб страната на општината.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/7**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/6**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 став (1) и (2) од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на РМ" бр.6/12 и 166/14), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА

### ВОВЕД

Демографски податоци на Општина Гази Баба

**Број на жители:**
Според пописот од 2002г. општината има 72222 жители, и според бројот на жители претставува една од поголемите општини во градот Скопје и Република Македонија.
Од вкупниот број на население 36376 се мажи, а 36241 се жени.

**Демографската структура на општината според припадност на зедница:**
Македонци 73,3%, Албанци 17,3%, Срби 2,9%, Роми 2,9%, Турци 0,8%, Власи 0,3%, и останати 1,3%.

**Просечна возраст:**
На населението во ОГБ е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**Писменост:**
Вкупниот број на писмените лица изнесува 61156, од кои мажи се 31137, а жени се 30019.

### ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гази Баба има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да презема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста меѓу половите сеуште не е реалност во секојдневниот живот. Во пракса, мажите и жените, не ги уживаат истите права. Сеуште постојат социјални, политички,економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

Клучните идентификувани области во локалната заедница на кои треба да се насочат активностите и зголеми работата во 2015 година за воведување родова рамноправност се:

- човекови права-недискриминација,

- жената и одлучувачките процеси во заедницата,

- подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје,

- родово одговорно финансирање,и

- јакнење на капацитетите (едукација на носителите на активностите).

**1. Цели**

Основни цели за активностите на Општина Гази Баба во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2015 година се:

- зајакнување на институционалните капацитети на општината за унапредување на еднаквите можности преку обуки на КЕМ и општинската администрација, развивање на интерни постапки и механизми за координирано дејствување.

- јавна промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи и манифестации и информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди општината.

- зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои поголема потреба од информираност на жената за нејзиното сексуално и репродуктивно здравје, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи.

- унапредување на заштита од насилство врз жени.

- унапредување на социјалната поддршка на жени, економско зајакнување (вклучување на жени, особено маргинализирани, поттикнување на учество во месната самоуправа).

- редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност.

**2. Активности**

За остварување на целите на програмата во 2015 година, општината ќе ги спроведе следните активности.

1. Обука на администрацијата за родова анализа

Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците на општинската администрација за потребата и начините за вклучување на родова перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.

Потребни услови за спроведување на обуката се:
-подготвена програма и методологија за родова анализа,
-подготвени базични помошни алатки за практична примена на стекнатите знаења,
-обезбедени услови за одржување на обуката.

2. Обука на комисијата за еднакви можности на жените и мажите

Оваа обука ќе биде специјализирана за членовите на Комисијата со цел да се зајакнат нивните знаења и вештини за остварување на специфичните обврски од нивната надлежност. Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со унапредувањето на еднаквите можности на жените и мажите, соработката со координаторот за еднакви можности на жените и мажите, како и јавната промоција на еднаквите можности на жените и мажите во општината.

Неопходни услови за спроведување на обуката се:
- подготвена програма и методологија за обука,
- обезбедени услови за одржување на обуката.

3. Манифестација 8-ми Март-Меѓународен ден за правата на жената

Оваа активност е во функција на јавна промоција на човековите права на жените и мажите. Целта на оваа манифестација е да се подигне јавната свесност за правата на жената.

Во рамките на оваа манифестација, ќе биде одржана јавна седница на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на која можат да присуствуваат претставници од општинската администрација, граѓанскиот сектор, претставници од основни училишта и други институции.

На настанот ќе биде претставена Програмата на Општина Гази Баба, проекти и активности планирани во текот на 2015 година заедно со граѓанскиот сектор. Воедно ќе се спроведе и дебата помеѓу учесниците на која ќе се дискутира состојбата за родова еднаквост, правата на жените со предлози и насоки за поттикнување и унапредување на соработката поврзани со еднаквите можности на мажите и жените во општината.

4. Соработка со НВО и покренување на заеднички иницијативи, и тоа на полето превенција од семејното насилство, проекти во соработка со СОС детското село, проект за подигнување на свеста за грижа на жената за сопственото здравје, проекти за подигнување на свеста за негата на детето од најмалата возраст до тинејџерските години итн.

Во рамките на овие проекти ќе бидат организирани едукативни трибини, дебати, советувања (презентација и опции и регулативи на граѓаните во однос на наведените теми и превентивни мерки за истите).

5. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност.

Со цел да се запознае пошироката јавност и да се подигне свесноста за потребата од еднаквите можности на мажите и жените, Општина Гази Баба се стреми кон публикација на активностите и материјалите кои ја презентираат нејзината работа и залагање на тоа поле. Истовремено се приклучува и кон активностите и материјалите кои се организраат од другите институции на државно ниво и дава нивна поддршка.

3. Финансиски план

За спроведување на активностите предвидени со програма се предвидени следните финансиски средства и тоа:

| *Реден број* | *Активност* | *Рок и место на одржување* | *Носител на активностите* | *Предвидени с-ва во буџетот на ОГБ* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Обука на администрацијата | Јануари-Февруари 2015 | ОГБ | 6.000,00 |
| 2. | Обука за комисијата за еднакви можности на жените и мажите во ОГБ | Мај 2015 | ОГБ | 10.000,00 |
| 3. | Манифестација 8ми март<br><br>Тема:правата на жената<br>Пригоден коктел | Март 2015 | ОГБ | 10.000,00 |
| 4. | Проекти во соработка со НВО -семејно насилство (организира-ње на трибини во општината и месните заедници) | Септември-Декември 2015 | ОГБ заедно со Кризен центар Надеж | 30.000,00 |
| 5. | Публикација на материјали | Во текот на 2015 | ОГБ до НВО | 6.000,00 |

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/8**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/7**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 84 став (1) а во врска со член 89 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13 и 163/13), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Во Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година, бр.07-43/11 од 16.01.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/15), се вршат следните дополнувања:

Во точка 2 - "Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата (групирани по населено место и урбанистички план)

- Графички прилог со одбележени градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалите, идентификувани со број на градежните парцели," се додаваат следните градежни парцели:

| Р.бр. | Градежни парцели | Намена | Урбан блок, локалитет, населено место | Назив на план | Број на градежни парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 1.1 | Б2 - големи трговски единици | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 05 (Одлука на Совет бр.09-676/9 од 27.02.2015 год.) | 1 |
| 2. | 5.47 | Б1- услужни дејности | Нас. Железара | ДУП "Железара" локалитет Б (Одлука на Совет бр. 07-1064/4 од 28.12.2004г. | 1 |

2. Во графичкиот приказ на ДУП "Маџари-Хиподром" и табеларниот приказ на парцели по урбани модули се додава:

- **ДУП за градска четврт СИ 05 (Б2 - големи трговски единици)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | 5060 | 1733 | 34 | 12131 | 2,4 | Б2- големи трговски единици со компатибилни класи на намени (А2, А3, Б5, Б3, Б4, В3) | П+6 (30м1) | / | **2.200** | **11.132.000** |

- **ДУП "Железара" локалитет Б (Б1 - услужни дејности)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.47** | 109 | 49 | 44 | 98 | 0,88 | услужни дејности | 7.00 | 2 | **2.340** | **255.060** |

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/9**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 04, БЛОК - 1, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ПО БАРАЊЕ БР.28-3/386 ОД 23.02.2015 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за одобрување на иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 04, Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје, по барање бр.28-3/386 од 23.02.2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/8**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 17-а став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 04, БЛОК - 1, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ПО БАРАЊЕ БР.28-3/386 ОД 23.02.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање / иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 04, Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје со бр.28-3/386 од 23.02.2015 година, од страна на Муртези Бајрам од с.Инџиково, Советот на Општина Гази Баба ја одобрува иницијативата за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 04, Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје, согласно член 17-а став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

**Член 2**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште, заради продолжување на постапката согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/10**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 04, БЛОК - 2, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ПО БАРАЊЕ БР.28-3/387 ОД 23.02.2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 04, Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје, по барање бр.28-3/387 од 23.02.2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/9**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 17-а став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 04, БЛОК - 2, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ПО БАРАЊЕ БР.28-3/387 ОД 23.02.2015 ГОДИНА

### Член 1

Во врска со поднесеното барање / иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 04, Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје со бр.28-3/387 од 23.02.2015 година, од страна на МАНД ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ - Скопје, Советот на Општина Гази Баба ја одобрува иницијативата за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 04, Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје, согласно член 17-а став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

### Член 2

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште, заради продолжување на постапката согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/11**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА ЈУНУСЕМРЕ, МАНИСА, РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка меѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Општина Јунусемре, Маниса, Република Турција, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/10**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 11 став (4) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА ЈУНУСЕМРЕ, МАНИСА, РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува соработка меѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Општина Јунусемре, Маниса, Република Турција.

Соработката од ставот (1) на овој член ќе се врши по сите прашања од заедничка надлежност и интерес, а посебно во областа на: јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалните финансии и инвестиции, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, воспитанието и образованието, здравствената заштита, регионалната соработка, учеството во проекти во Европската Унија и НАТО, организацијата и учеството на стопански, културни и спортски манифестации и во други области.

### Член 2

Соработката меѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Општина Јунусемре, Маниса, Република Турција ќе се уреди со договор за соработка.

Договорот од став (1) на овој член во име на Општина Гази Баба ќе го склучи Градоначалникот на Општина Гази Баба.

### Член 3

Средствата за финансирање на соработката меѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Општина Јунусемре, Маниса, Република Турција ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Гази Баба.

### Член 4

По влегување во сила на оваа одлука, примерок од истата да достави до Министерството за локална самоуправа заради евидентирање на меѓуопштинската соработка и Општина Јунусемре, Маниса, Република Турција.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/12**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2013 - 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен - обележја за период од 2013 - 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/11**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја ("Службен весник на РМ" бр.66/04 и 89/08), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2013-2018 ГОДИНА

1. Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од 2013-2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.7/13), по точката (1) се дополнува со две нови точки (1.2) и (1.3) кои гласат:

" (1.2) Спомен обележје (биста) на Гоце Делчев 1872-1903, великан на македонското револуционерно национално-ослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

(1.3) Спомен обележје (биста) на Трајко Попов 1907-1946, осуден и стрелан за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност."

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1321/13**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ (БИСТА) НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (1872-1903), ВЕЛИКАН НА МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО НАЦИОНАЛНО - ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ КОН КРАЈОТ НА XIX ВЕК И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

1. Се објавува Одлуката за подигање на спомен обележје (биста) на Гоце Делчев (1872-1903), великан на македонското револуционерно национално - ослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/12**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) и член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја ("Службен весник на РМ" бр. 66/04 и 89/08), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ (БИСТА) НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (1872-1903), ВЕЛИКАН НА МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ КОН КРАЈОТ НА XIX ВЕК И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК**

**Член 1**

Се подига спомен обележје (биста) на Гоце Делчев (1871-1903), великан на македонското револуционерно национално-ослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век (во натамошниот текст: спомен обележје).

**Член 2**

За подигање, уредување на локацијата и за работна рака за поставување на спомен обележјето, ќе се обезбедат 31.000 денари од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Средствата за чување, одржување и заштита на спомен-обележјето ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Спомен обележјето ќе биде поставено во населбата Гоце Делчев, Општина Гази Баба, на КП 564/2 КО Трубарево.

**Член 5**

За членови на одборот за подигање на спомен-обележјето се именуваат:

1. Николај Чифутов, претседател
2. Тодор Петров, член и
3. Ристо Донев, член.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гази Баба".

**Број 09-1321/14**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ (БИСТА) НА ТРАЈКО ПОПОВ (1907-1946), ОСУДЕН И СТРЕЛАН ЗА ИДЕИТЕ НА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ

1. Се објавува Одлуката за подигање на спомен обележје (биста) на Трајко Попов (1907-1946), осуден и стрелан за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1426/13**
**од 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) и член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (''Службен весник на РМ'' бр. 66/04 и 89/08), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ (БИСТА) НА ТРАЈКО ПОПОВ (1907-1946), ОСУДЕН И СТРЕЛАН ЗА ИДЕИТЕ НА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ

**Член 1**

Се подига спомен обележје (биста) на Трајко Попов (1907-1946), осуден и стрелан за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност (во натамошниот текст: спомен обележје).

**Член 2**

За подигање, уредување на локацијата и за работна рака за поставување на спомен обележјето, ќе се обезбедат 31.000 денари од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Средствата за чување, одржување и заштита на спомен-обележјето ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Спомен обележјето ќе биде поставено во село Раштак, Општина Гази Баба, на КП 2564 КО Раштак.

**Член 5**

За членови на одборот за изградба на спомен-обележјето се именуваат:

1. Николај Чифутов, претседател
2. Тодор Петров, член и
3. Борис Трајковски, член.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на општина Гази Баба''.

**Број 09-1321/15**
**од 30.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за поништување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година . . . . . 4

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари . . . . . 6

**ЗАКЛОЧОК** за усвојување на извештајот за проценка на штети на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 05.02.2015 година . . . . . 9

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишниот извештај за работата на секторот за инспекциски работи – инспекторат за 2014 година . . . . . 11

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2014 година . . . . . 13

**ПРОГРАМА** за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2015 година . . . . . 15

**ПРОГРАМА** за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година . . . . . 20

**ОДЛУКА** за одобрување на иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 04, Блок 1, Општина Гази Баба – Скопје по барање бр.28–3/386 од 23.02.2015 година . . . . . 24

**ОДЛУКА** за одобрување на иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 04, Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје по барање бр.28–3/387 од 23.02.2015 година . . . . . 26

**ОДЛУКА** за воспоставување на соработка меѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Општина Јунусемре, Маниса, Република Турција . . . . . 28

**ПРОГРАМА** за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен–обележја за период од 2013–2018 година . . . . . 30

**ОДЛУКА** за подигање на спомен обележје (биста) на Гоце Делчев (1872–1903), великан на македонското револуционерно национално–ослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век . . . . . 32

**ОДЛУКА** за подигање на спомен обележје (биста) на Трајко Попов (1907-1946), осуден и стрелан за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност . . . . . 34

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 05/15**
**30 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци